| 2 | Април-Јуни 2012 | Обуки за подигнување на вештини и знаења (преквалификации и доквалификации) | Инфо ден за презентација на Програмата за прекугранична соработка ИПА помеѓу Грција и Македонија. Настанот беше организиран од Делегацијата на ЕУ,Министерството за локална самоуправа и Општина Охрид. Инфо денот се состоеше од презентацијата на ИПА програмите и регулативите, вториот повик за проекти како и детални информации за процедурите за известување, евалуација и договорни прашања. Исто | Двајца соработници од Одделението ЛЕР учествуваа на обуката и стручно се оспособени за иницирање, развивање, спроведување и да вршат следење на проекти финансирани од ЕУ со соодветна анализа и вештини за известување. | Активностите се реализирани во склоп на редовните активности на вработените и Општина Охрид нема дополнителни финансиски трошоци |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Реализирани трошоци |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | така Инфо денот обезбеди можност за дискусија за тематски партнерски средби. | | |
| 3 | Јули-Септември 2012 | Обуки за подигнување на вештини и знаења (преквалификации и доквалификации) | “Едукација за потенцијални и постоечки претприемачи”<br><br>Целта на обуката беше подршка,едукација,експертски совети,како можност за заживувањена иновативните бизнис идеи на младите перспективни жители на Општина Охрид.<br>На претприемачите од start up бизнисите да им се помогне реално да го идентификуваат проблемот што ги кочи успешно да се позиционираат на пазарот и да им се зголеми креативноста во негово пронаоѓање.<br>Обуката беше одржана во просториte на Црвен Крст во Охрид. | Учесниците на обуката добија детална разработка на нивната бизнис идеја,конкретни задачи и први чекори за да започнат со реализација во реален бизнис. Групата учесници работеше солидарно и единствено во атмосфера на помагање,вмрежување и споделување искуства. Обуките за претприемништво и разбудување на преприемачкиот дух се неопходни за плоден социоекономски развој на Општина Охрид и задржување на одливот на квалитетен кадар. | Активностите се реализирани во склоп на редовните активности на вработените и Општина Охрид нема дополнителни финансиски трошоци |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Реализирани трошоци |
|---|---|---|---|---|---|
| 4 | Октомври - Декември 2012 | Обуки за подигнување на вештини и знаења (преквалификации и доквалификации) | Обука: *“Поддршка на МСП и инвестиции во приватниот сектор“ и „Развој и инвестиции во јавни дејности“* која се оддржа на 30.11.2012 во ЗЕЛС Тренинг Центарот - ЗТЦ во Скопје. | **Сесија I**<br>**Меѓународни искуства за поддршка на МСП**<br>**Презентација 1**<br>Модели на соработка со МСП во ЕУ и Америка<br>**Презентација 2**<br>• Модели на соработка со МСП во Јапонија<br>• Ефективен концепт на технолошка подршка на МСП во Јапонија<br>• Финансиски систем на подршка на развој на МСП во Јапонија<br>**Поддршка на МСП во Македонија**<br>• Програма на министерство за Поддршка на МСП и<br>• Инвестиции во приватниот сектор<br>• Модели на соработка со МСП<br>• Поддршка на Општински и регионални Бизнис Центри | Активностите се реализирани во склоп на редовните активности на вработените и Општина Охрид нема дополнителни финансиски трошоци |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Реализирани трошоци |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | • Опис на активности и функционирање на Бизнис Центри<br>• Анализа на добри и лоши страни во работењето на Бизнис Центри<br>Идни активности на МЕ за поддршка на МСП<br>**Останати форми на соработка со МСП**<br>• Модели на Јавни Приватни Партнерства<br>• Презентација на добри практики | |
| **3.** | **Анкета на бизнис клима и формирање на база на податоци и мапирање на охридското стопанство** | | | | |
| | Јули-Септември 2012 | Анкета на бизнис клима и формирање на база на податоци | Со цел за унапредување на состојбите во туризмот во општина Охрид, спроведена е анализа на:<br>- Тековните проблеми на туристичките работници во општина Охрид<br>- Забелешките на странските и домашните туристи | Изготвен е и објавен извештај од анкетата | |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Реализирани трошоци |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | кои престојуваат во Охрид во врска со недостатоците во туризмот. | | |

**1.3. Рационална употреба и искористување на природните ресурси,**

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Реализирани трошоци |
|---|---|---|---|---|---|
| **1. Поттикнување на брендирање на производи и услуги во локалната економија согласно препораките на ЕУ и законска регулатива** | | | | | |
| **1** | Јануари – Декември 2012 | Објавени упатства и информации за достапноста на ИПАРД средствата | Врз база на Јавниот повик на владата на РМ, одделението за развој подготви сопствена информација и воведе информативни услуги за сите заинтересирани за оваа програма. Одделението е задолжено да издава потврди за потенцијалните апликанти во кои ќе се потврдува дека предложените проекти се во согласност со Стратегијата за одржлив локален економски развој. | До денес подробни информации побарале и добиле 3 потенцијални апликанти.Издадени се потврди на потенцијални апликанти. Издадената потврда им служи како документ за аплицирање во ИПАРД програмата. | Активностите се реализирани во склоп на редовните активности на вработените и Општина Охрид нема дополнителни финансиски трошоци |
| **2** | Април-Јуни 2012 | Настан ‘’ЕУ одблизу’’ или популарно ЕУ автобусот’’ кој се одржа на 21 Мај 2012 год во село Велгошти | Во активноста учествуваа и претставници на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој која ја спроведува ИПАРД програмата на ЕУ наменета за поддршка на земјоделието и руралниот развој како и Европското движење на Македонија,членка на | Целта на активноста организирана од Делегацијата на ЕУ во соработка со Општина Охрид беше да се оствари директна комуникација со жителите од руралните области и непосредно да се презентираат информации за ЕУ и да се образложат добивките и обврските кои | Активностите се реализирани во склоп на редовните активности на вработените и Општина Охрид нема дополнителни финансиски трошоци |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Реализирани трошоци |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | најстарата и најголема невладина организација за обединување на Европа | произлегуваат од зачленувањето во Унијата. | |
| | Јули Септември 2012 | ЕУ настан “ЕУ им помага на земјоделците да се подготват на проширениот пазар” Настанот се одржа на 31.08.2012год. во Скопје | Програмата ИПАРД обезбедува финансиска помош за покривање 50% трошоците за активностите што ги исполнуваат условите за инвестирање и опфаќа инвестирање во земјоделски фарми во земјоделски и преработувачки капацитети и во иницијативи за диверзификација на руралниот развој. | Во Република Македонија има повеќе инвестиции финансирани со инструментот на ЕУ за претпристапна помош за рурален развој ИПАРД. Беа презентирани две особено популарни инвестиции 1.Замена на садниците во овоштарниците и лозјата, 2.Осовременување и проширување на деловните активности на преработувачките капацитети, | Активностите се реализирани во склоп на редовните активности на вработените и Општина Охрид нема дополнителни финансиски трошоци |
| **2.** | **Воведување на програми и проекти за поддршка на органското производство, собирање на шумските плодови, нови автохтони насади на овошје и др. земјоделски производи,** | | | | |
| **1** | Јануари – Декември 2012 | Тековни активности на одделението во делот на поддршка на земјоделството | - Издавање на Уверенија за земјоделски производители<br>- Проценки на имот, земјиште, насади и посеви за експропријација во корист на Општина | -По доставени барања на земјоделски производители издадени се 230 уверенија по претходен увид на лице место(220 реализирани, 10 во процедура) | Активностите се реализирани во склоп на редовните активности на вработените и Општина Охрид нема дополнителни финансиски трошоци |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Реализирани трошоци |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Охрид<br>- Проценки на штети од елементарни непогоди | -Изготвени се 35 записници и сите се реализирани<br>-Во Општина Дебрца и Општина Охрид се случи елементарна непогода – земјотрес и се излезе на терен за да се констатира направената штета (Изготвениот записник и извештај се доставува до Советот на Општина Охрид и Дебарца на усвојување,а потоа и до Владата на РМ за одобрување на средствата за направената штета) | |

## 1.4. Подготовка на проекти,

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Финансиска конструкција |
|---|---|---|---|---|---|
| **1. Програмата за прекугранична соработка ИПА помеѓу Грција и Македонија** | | | | | |
| 1 | Април – Јуни 2012 | Проект за подигнување на свеста од ризик за поплави Управување & Евалуација | Со овој проект се предвидува опис на тековната состојба и трендовите во животната средина за сите три општини со цел да се овозможи проценка на потенцијалните негативни последици од поплавите во иднина по здравјето на човекот, животната средина, културното наследство и економијата преку софтвер за проценка на ризик од поплави, трансфер на знаења и заеднички методологии, план за управување со ризик од поплави и изготвување на мапи за опасност и ризици од поплава. | Намалување на негативните последици на поплавите во програмската област и развој на Алатки и Планови за управување со ризикот од поплави врз основа на карактеристиките на земјите учеснички од регионот | Активностите се реализирани во склоп на редовните активности на вработените и Општина Охрид нема дополнителни финансиски трошоци |
| | Април – Јуни 2012 | Проект за искористување на градежен отпад и асфалт | Со овој еколошки проект се предвидува заштита на природните ресурси кои постепено се намалуваат со рециклирање на цврст отпад преку стручна експертиза | Со проектот е предвидена изградба на пилот пат и периферни уреди на прототип и демонстрирање на иновативна методологија за рециклирање на | Активностите се реализирани во склоп на редовните активности на вработените и Општина Охрид нема дополнителни финансиски трошоци |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Финансиска конструкција |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | која ќе се употреби во рециклирање на агрегати во различни градежни примени главно во изведба на патишта. | градежен отпад и шут во градежните апликации. Пилот апликациите ќе бидат имплементирани земајќи ги во предвид широките лабораториски истражувања во врска со два студиски сектори цемент и битуменски производи. | |

**2. Финансиски извештај за реализација на програмата Г1, за поттикнување на Локалниот економски развој на Општина Охрид за 2012**

- **Секторот за ТЛЕР, согласно своите ингеренции, ги спороведува активностите за имплементација на програмските и проектните активности.**
- **Доколку има потреба од набавки, изготвува само техничка документација која ја доставува до комисијата за јавни набавки која е и надлежна за спроведување на постапката.**
- **Управувањето и следењето на буџетот на службите во општината е во надлежност на одделението за финансии и буџет.**

**1.1 Реализација на буџет од 01.01.2012 до 31.12.2012 год.**

Детални информации за реализација на програмата Г1, изготвени од одделението за финансии и буџет се дадени во “Аналитичка картица“.

Прилог:

**“Аналитичка картица“ за програма Г1**

001 Општина Охрид - локална самоуправа буџет d Охридска Банка

**Салда на конта - аналитика**

| | Конто | Анл.к-то | | Орг.ед. | Тип док. | Датум | Налог | Тип нал. | Валута | Иск.нал. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Од: | 4 | | | Г1 | | | | | | |
| До: | 4999999 | | | Г1 | | | | | Дев. | |

| Конто | Опис | Почетно дава | Почетно зема | Тековно дава | Тековно зема | Салдо |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 425130 | Изнајмување на друг тип на простор | 0.00 | 0.00 | 404,561.50 | 0.00 | 404,561.50 |
| 425920 | Услуги за копирање, печатење и издавање | 0.00 | 0.00 | 350,000.00 | 0.00 | 350,000.00 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 0.00 | 0.00 | 204,608.00 | 0.00 | 204,608.00 |
| 482910 | Подготвување проекти, вклучувајќи дизајн | 0.00 | 0.00 | 965,633.00 | 0.00 | 965,633.00 |
| 482920 | Изградба на други објекти | 0.00 | 0.00 | 14,868.00 | 0.00 | 14,868.00 |
| | | 0.00 | 0.00 | 1,939,670.50 | 0.00 | 1,939,670.50 |

**Број 07-797/24-1**
**28.02.2013 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01 - 31.12.2012 ГОД

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за периодот од 01.01 - 31.12.2012 год , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.02.2013 год.

**Број 08 -797/25** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.02.2013 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.02.2013 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01 - 31.12.2012 ГОД.**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за периодот од 01.01 - 31.12.2012 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-797/25** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.02.2013 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р.**

- **ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ЗА ПЕРИОД 01.01.2012 – 31.12.2012 ГОДИНА**

Гоце Симоноски
Раководител на Сектор за Туризам и за ЛЕР

Извештајот е изработен за периодот од една година и ги сумира активностите извршени од страна на администрацијата во Секторот за локален економски развој и туризам, во периодот од 01.01. до 31.12.2012 год. за реализација на:

- ПРОГРАМАТА Г2 ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД

Во периодот 01.01.2012 – 31.12.2012 год. одделението за туризам ги вршеше активностите неопходни за реализација на програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид:

1. **Управување со туризмот (Евиденција, регистрација и категоризација,**

**стандардизација)**

2. **Промоција на туризмот, организирање на настапи и присуство на саеми**
3. **Изготвување на печатен и електронски промотивни материјал за одделни сегменти од туристичката понуда,**
4. **Подготовка на проекти и проектно управување**
5. **Развој на информативен систем**

Како резултати од реализацијата на програмата кои дадоа особен белег на работењето во овој период треба да се посочат:

- Континуиран процес на евиденција, регистрација, категоризација и продолжување на решенијата за категоризација на сместувачките капацитети од мал обем при што вкупно се регистрирани 2023 станоиздавачи а пререгистрирани 234.
- Промоција на туристичката понуда на меѓународни саеми во: Белград, Александровац, Будва, Нови Сад и на меѓународниот Балкански фестивал во Јалова – Р. Турција.
- Остварени се средби со Туристичките Комори на Р. Турција и Р. Србија.
- 23 јуни припрема и организација на “Ѓомлезијада 2012” во с.Скребатно.
- Делегации на Општина Охрид во посета на Сафранболу и Јалова во Турција и Каен во Франција за остварување на успешни соработки и протокол за збратимување. Делегации од повеќе збратимени градови: Трогир, Инџија, Крагуевац, Лесковац, Поградец, Птуј, Несебар, во посета на Охрид по повод свечената прослава на празникот Св.Климент Охридски.
  Сите интернационални настани кои се одржуваа во извештајниот период во Охрид беа поркиени со промотивен материјал од Охрид.
- Редовно се извршуваат активности за имплементација на Проектот СУСТКУЛТ, финансиран од програмата на ЈИЕ, на ЕУ, кој Општина Охрид го имплементира заедно со градот Венеција.
- Промоција на туристичката понуда на Охрид во : српски електронски медиуми ( “Радио Белград 92”, “Студио Б”, “ТВ РТС”, ”ТВ ПИНК”),српски печатени медиуми (Национална Ревија “Туризам 2012”, “Илустрована Политика“ и “Политика“),европски печатени медиуми (“Европски Новости“,)
- За промоција на туризмот на дефинирани целни групи на туристи и саеми, подготвен промотивен материјал на повеќе јазици (постери, разгледници, фотоброшури на повеќе јазици, ќеси,папки, брошура на манифестации, водич на град Охрид, мапи, CD за Охрид)
- Ставен во функција Туристичкиот инфо-центар.

**1. Информација за реализираните активности согласно Програмата Г2, за поттикнување на развојот на туризмот на Општина Охрид за 2012 год.**

**1.1 Управување со туризмот (Евиденција, регистрација и категоризација, стандардизација)**

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Јануари-Декември | Континуиран процес на извршување категоризација и регистрација на станоиздавачи од мал обем | Излегување на терен на комисиите по однапред поднесено барање од страна на лицата кои вршат угостителска дејност од мал обем | Регистрирани вкупно 2023 станоиздавачи од мал обем од кои 76 нови станоиздавачи се регистрирани во 2012 год. |
| 2 | Јануари-Декември | Континуиран процес на продолжување на решенијата за категоризација на станоиздавачи од мал обем | За таа цел подготвена документација: изготвување постапка, барање за продолжување на категоризацијата и праќање известување на станоиздавачите на кои им поминал рокот на решението од 3 години. | Продолжени 234 решенија за категоризација во 2012 год. |
| 3 | Јануари-Декември | Ставен во функција туристичкиот инфо центар | Поставен и опремен инфо центар | На посетителите им се овозможи подобар пристап до потребните информации за нивниот престој |

**1.2 Промоција на туризам, организирање на настапи и присуство на саеми ,техничка и логистичка поддршка на културни и спортски манифестации во градот**

| **Бр.** | **Период** | **Опис на активноста за реализација на програмските цели** | **Краток опис** | **Резултати** |
|---|---|---|---|---|
| **1.2.1. Презентација на меѓународни туристички берзи** | | | | |
| **1** | Јануари-Декември | - Меѓународен Саем за туризам во Белград, 23 - 26.02.2012<br><br>- Меѓународен Саем за вино и туризам“Александровац” 2012 во -Р.Србија,19-23 април<br><br>- Меѓународен Саем за туризам “МЕТУБЕС” 2012 во Будва - Р.Црна Гора,19-21 април<br><br>- Меѓународен Саем за туризам во Нови Сад -Р. Србија, 27-30 април | Организирање и подготовка за саемот | Успешно учество на претставници од Општина Охрид-Секторот за ТЛЕР |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2** | Јули | Учество на работна средба и фестивал на збратимените градови на Општина Јалова - Р. Турција | Организирање и подготовка за работниот состанок и фестивалот | Успешно учество на претставници од Општина Охрид |
| **3** | Јули-Септември | “Балкански конгрес на радиолози“; “Конференција на Друштвото на физичари на Р.М.“; “Балкански фестивал“ | На барање на домаќините и организаторите меѓународните настани и фестивали во Охрид покриени со промотивен материјал | Дистрибуираниот промотивен материјал ке влијае за зголемување на туристичката побарувачка за Охрид |
| **1.2.2. Соработка со странски туроператор** | | | | |
| **1** | Јули | Остварени средби со Туристичките Комори на Р. Турција и Р. Србија | Голема заинтересираност на туристичката понуда на град Охрид | Најава за посета на град Охрид од страна на претставниците на туристичките комори од двете земји |
| **1.2.3. Промоција на туристичката понуда на Охрид и регионот во странски и домашни печатени и електронски медиуми** | | | | |
| **1** | Јануари-Декември | Промоција на Охрид во Српски електронски медиуми | Промовиран Охрид во : “Радио Белград 92”, “Студио Б”, “ТВ РТС”, ”ТВ ПИНК” | Охридска делегација гостуваше во реномирани емисии и програми во наведените српски медиуми |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2.** | Декември Јануари | Промоција на Охрид во Српски печатен медиум | Промовиран Охрид во Национална Ревија “Туризам 2012”, “Илустрована Политика“ и “Политика“. | Објавени репортажи за Охрид со целокупната туристичка понуда во Српските медиуми |
| **3** | Јануари-Декември | Промоција на Охрид во Европски печатени медиуми | Промовиран Охрид во: “Европски Новости“, | Објавена репортажа за Охрид со целокупната туристичка понуда во Европа со тираж од 300.000 примероци |
| **1.2.4. Организација и поддршка на различни активности и настани поврзани со дефинирање, промоција и брендирање на туристичките производи** | | | | |
| **1** | Февруари | Делегација на Општина Охрид во посета на Турција,31.01-07.02.2012 | Делегацијата оствари успешни соработки и потпишување на договори за заеднички проект со училишта од Анкара, остварија средби со делегации од збратимените градови од Сафранболу и Јалова, работни средби со претставници од Унијата на турските општини во светот и со пратеници од турското собрание. | Зајакнување на соработката помеѓу двата збратимени града Сафранболу и Јалова и постигнување договори за нови проекти за што поголемо продлабочување на македонско – турските односи. |
| **2** | Јуни | 23 јуни “Ѓомлезијада 2012” С.Скребатно” | Припрема и организација на третата по ред Ѓомлезијада, која прерасна во традиционална манифестација | Манифестацијата се одржа во С. Скребатно ,на која учествуваа над 24 учеснички и имаше понуда на богата културна и музичка програма за гостите и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | туристите. |
| **3** | Ноември | Делегација на Општина Охрид во посета на Каен во Франција, 15.11-17.11.2012 | Во рамките на посетата во центарот на Каен беше направена презентација на Охрид, како најразвиен туристички и културен центар во Република Македонија, ставен под заштита на УНЕСКО. | Потпишан протокол за збратимување, како и зголемување на соработката во областа на туризмот, локалниот економски развој,образованието и учеството во заеднички проекти. |
| **4** | Декември | 8 декември, Свечено одбележан патрониот празник на Охрид | По повод свечената прослава на прзникот Св. Климент Охридски беа во посета делегации од повеќе збратимени градови : Трогир,Инџија,Крагуевац, Лесковац, Јалова, Поградец, Птуј, Несебар. | Одржување и зајакнување на соработката на Охрид со овие збратимени градови. |

**1.3 Изготвување на печатен и електронски промотивни материјал за одделни сегменти од туристичката понуда**,

| **Бр.** | **Период** | **Опис на активноста за реализација на програмските цели** | **Краток опис** | **Резултати** |
|---|---|---|---|---|
| **1** | Јануари-Декември | Печатен и електронски промотивен материјал за град Охрид | Подготвен промотивен материјал за одделни сегменти од туристичката понуда на повеќе јазици (холандски, англиски, албански, турски, српски), за поефикасно претставување на туристичката понуда на град Охрид | Секторот располага со промотивен материјал (постери, разгледници, фотоброшури на повеќе јазици, ќеси,папки, брошура на манифестации, водич на град Охрид, мапи, CD за Охрид) за одделни сегменти од туристичката понуда. |

**1.4 Подготовка на проекти и проектно управување, средства за сопствено учество во имплеметација на проекти**

| **Бр.** | **Период** | **Опис на активноста за реализација на програмските цели** | **Краток опис** | **Резултати** |
|---|---|---|---|---|
| **1** | Јануари - Декември | Проект **СУСТКУЛТ** – Достигнување на одржливост преку инетгриран пристап на управување со местата на културно наследство | Времетраењето на проектот “SUSTCULT“ е 3 години во кои се вклучени уште шест земји: Словенија, Романија, Грција,Албанија, Украина и Италија. Проектот се реализира преку седум работни пакети при што крајна цел е подигнување на свеста за значењето на културното наследство и изработка на планови за управување со културното наследство преку заедничка методологија. | Имплементацијата на проектот СУСТКУЛТ продолжува со редовна комуникација и следење на насоките од лидер партнерот Венеција за реализација на проектните активнпсти со посебен акцент на работен пакет 3,4,5 и 6 од проектот. Започнати се активности за изработка на Web- Gis платформа , одржана е on-line и on-site обука и работни состаноци со стакехолдери од Охрид, реализирана е првата фаза од планот за |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | управување со културното наследтво според СУСТКУЛТ методологијата,одржани се состаноци со проектните партнери и презентиран е проектот на конференција во Котор , Црна Гора на покана од регионалната канцеларија на УНЕСКО од Венеција на тема – Улогата на локалната заедница во плановите за управување со места на светско наследство . Преведени се и дистрибуирани на локално ниво два билтени од проектот. |

## 1.5 Развој на информативен систем

| **Бр.** | **Период** | **Опис на активноста за реализација на програмските цели** | **Краток опис** | **Резултати** |
|---|---|---|---|---|
| **1** | Јануари-Декември | Пополнување на база на податоци на вршители на угостителска дејност од мал обем | Водење на регистар во пишана и електонска форма на лицата кои вршат угостителска дејност од мал обем | Прегледност на регистрирани станоиздавачи и изнаоѓање на нерегистрирани станоиздавачи |
| **2** | Јануари-Декември | Пополнување на база на податоци на вршители на туристичка дејност (туристички водичи, туристички агенции) | Водење на регистар во пишана и електонска форма на лицата кои вршат туристичка дејност (туристички водичи, туристички агенции) | Прегледност на регистрирани туристички водичи и агенции и изнаоѓање на диви туристички водичи и тур.агенции |
| **3** | Јануари-Декември | Евиденција регистрација и контрола на податоци од Општинскиот Инспекторат | Редовно ажурирање на податоци за наплата на Туристичка Такса за привремен Престој, како и податоци за ноќевања на домашни и странски посетители | Контрола на наплата на ТПП |
| **4** | Јануари-Декември | Поставување туристички инфо пултови | Поставување туристички инфо пултови и бесплатно рекламирање на сите институции и физички лица од Охрид на новата веб страна www.ipult.info | Вкупно поставени пет туристички инфо пултови |

**2. Финансиски извештај за реализација на програмата Г2, за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2012**

- **Секторот за ТЛЕР, согласно своите ингеренциите, ги спороведува активностите за имплементација на програмските и проектните активности.**
- **Доколку има потреба од набавки, изготвува само техничка документација која ја доставува до комисијата за јавни набавки која е и надлежна за спроведување на постапката.**
- **Управувањето и следењето на буџетот на службите во општината е во надлежност на одделението за финансии и буџет.**

**2.1 Реализација на буџет до 31.12.2012 год**

Детални информации за реализација на програмата Г2, изготвени од одделенито за финансии и буџет се дадени во “Аналитичка картица“.

Прилог:

**“Аналитичка картица“ за програма Г2**

001 Општина Охрид - локална самоуправа буџет d Охридска Банка

## Салда на конта - аналитика

| | Конто | Анл.к-то | | Орг.ед. | Тип док. | Датум | Налог | Тип нал. | Валута | Иск.нал. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Од: | 4 | | | Г2 | | | | | | |
| До: | 4999999 | | | Г2 | | | | | Дев. | |

| Конто | Опис | Почетно дава | Почетно зема | Тековно дава | Тековно зема | Салдо |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 401320 | Персонален данок на доход од надоместоц | 0.00 | 0.00 | 13,486.00 | 0.00 | 13,486.00 |
| 420220 | Патување во странство-патни расходи | 0.00 | 0.00 | 88,350.00 | 0.00 | 88,350.00 |
| 421320 | Телефон и телефакс | 0.00 | 0.00 | 32,474.00 | 0.00 | 32,474.00 |
| 423990 | Други материјали | 0.00 | 0.00 | 37,760.00 | 0.00 | 37,760.00 |
| 424420 | Поправки и одржување на софтверска и х | 0.00 | 0.00 | 11,698.00 | 0.00 | 11,698.00 |
| 425130 | Изнајмување на друг тип на простор | 0.00 | 0.00 | 1,496,592.50 | 0.00 | 1,496,592.50 |
| 425920 | Услуги за копирање, печатење и издавање | 0.00 | 0.00 | 551,751.00 | 0.00 | 551,751.00 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0.00 | 0.00 | 53,500.00 | 0.00 | 53,500.00 |
| 426210 | Расходи за репрезентација | 0.00 | 0.00 | 1,967,863.00 | 0.00 | 1,967,863.00 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 0.00 | 0.00 | 809,747.00 | 0.00 | 809,747.00 |
| 482910 | Подготвување проекти, вклучувајќИ дизајн | 0.00 | 0.00 | 433,380.00 | 0.00 | 433,380.00 |
| 485230 | Компјутерски софтвер | 0.00 | 0.00 | 120,000.00 | 0.00 | 120,000.00 |
| | | 0.00 | 0.00 | 5,616,601.50 | 0.00 | 5,616,601.50 |

**2.2 Информација за наплата на таксата за привремен престој**

Според податоците од одделението за финансиии буџет, целокупната наплата на ТПП за периодот **од 01.01.2012 до 31.12.2012** година е следна :

| | **ВКУПНО** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Р.Бр** | **Месец** | **Хотели** | **Приватни станоиздавачи** | **Вкупно** |
| 1 | **Јануари** | **267712** | **45952** | **313664** |
| 2 | **Февруари** | **173120** | **81136** | **254256** |
| 3 | **Март** | **152096** | **76288** | **228384** |
| 4 | **Април** | **205536** | **12336** | **217872** |
| 5 | **Мај** | **340672** | **52120** | **392792** |
| 6 | **Јуни** | **909840** | **77736** | **987576** |
| 7 | **Јули** | **1516225** | **113600** | **1629825** |
| 8 | **Август** | **1901208** | **300744** | **2201952** |
| 9 | **Септември** | **2053888** | **1170643** | **3224531** |
| 10 | **Октомври** | **1369392** | **141806** | **1511198** |
| 11 | **Ноември** | **820480** | **83072** | **903552** |
| 12 | **Декември** | **374464** | **87920** | **462384** |
| | **ВКУПНО 80%** | **10084633** | **2243353** | **12327986** |
| | **ВКУПНО 100%** | **12605791** | **2804191** | **15409982** |

**Табела 1 : Приход од Такса За привремен Престој по месеци**

**Во периодот од 01.01.2012 до 31.12.2012 година, согласно податоците од одделението за финансии и буџет од такса за привремен престој собрани се вкупно 15.409.982,00 денари,100% од вкупната наплата на ТПП.**

**Споредба :**

**За споредба, во 2011 година за истиот период од Такса за привремен престој од основни сместувачки капацитети и од сместувачки капацитети од мал обем се собрани вкупно 13.710.349,00ден. при што може да се забележи дека наплатата за 2012 година е за 12,4 % зголемена од лани.**

**3. Извештај за туристичкиот промет ( споредбени податоци за бројот на ноќевања од основни објекти за 2012 год. во однос на 2011 год.)**

**Согласно информацијата изготвена од Општинскиот Инспекторат, бројот на ноќевањата од основни објекти во 2012 год (Јануари - Декември ) во однос на 2011 год (Јануари - Декември), е намален за 6.2 % и тоа : кај домашните ноќевања има намалување за 8.2 % , а за странските има зголемување за 7.7 %.**

| | РЕГИОН НА ОПШТИНА ОХРИД - ТУРИСТИЧКИ ПРОМЕТ (НОЌЕВАЊА) | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.Б. | Месец | Дом. Ноќевања | | Однос % | Стр.Ноќевања | | Однос % | Вкупно Ноќевања | | Однос % |
| | | 2011 | 2012 | 2012/11 | 2011 | 2012 | 2012/11 | 2011 | 2012 | 2012/11 |
| 1 | јануари | **2119** | **2609** | 123,1 | **3418** | **2586** | 75,6 | **5537** | **5195** | 93,8 |
| 2 | февруари | **4947** | **2784** | 56,3 | **3148** | **1281** | 40,7 | **8095** | **4065** | 50,2 |
| 3 | март | **2997** | **5053** | 168,6 | **6143** | **3522** | 57,3 | **9140** | **8578** | 93,8 |
| 4 | април | **7892** | **6442** | 81,6 | **8610** | **10428** | 121,1 | **16502** | **16870** | 102,2 |
| 5 | мај | **12357** | **13575** | 109,8 | **19809** | **24694** | 124,7 | **32166** | **38269** | 118,9 |
| 6 | јуни | **24304** | **19187** | 78.9 | **28754** | **37190** | 129.3 | **53058** | **56377** | 106.3 |
| 7 | јули | **64789** | **56229** | 86.8 | **54994** | **49596** | 90.2 | **119783** | **105825** | 88.3 |
| 8 | август | **49135** | **49866** | 101.5 | **48135** | **50431** | 104.8 | **97270** | **100297** | 103.1 |
| 9 | септември | **17329** | **13378** | 77.2 | **30428** | **39177** | 128.8 | **69605** | **52555** | 75.5 |
| 10 | октомври | **9635** | **9111** | 94.6 | **14438** | **15603** | 108.1 | **30041** | **24714** | 82.3 |
| 11 | ноември | **3199** | **3586** | 112.1 | **3591** | **3875** | 107.9 | **6790** | **7461** | 109.9 |
| 12 | декември | **2844** | **2053** | 72.2 | **4138** | **4586** | 110.8 | **6982** | **6639** | 95.1 |
| | **ВКУПНО** | **201547** | **183873** | **91.2** | **225606** | **242969** | **107.7** | **454969** | **426842** | **93.8** |

**Табела 2 : Споредбени податоци за бројот на ноќевања од основни објекти за 2012 год. во однос на 2011 год.**

**Број 07-797/25** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.02.2013 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески ,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТА НА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА –ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01 ДО 31.12.2012 ГОД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за работа на територијалната противпожарна единица –Охрид за периодот од 01.01 до 31.12.2012 год , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.02.2013 год.

**Број 08 -797/26** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.02.2013 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.02.2013 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТА НА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА –ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01 ДО 31.12.2012 ГОД.**

**Член 1**

Се усвојува Извештајот за работа на територијалната противпожарна единица – Охрид за периодот од 01.01-31.12.2012 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-797/26** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.02.2013 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р.**

Врз основа на член 43 став 1 од Законот за пожарникарство на РМ го изготвувам следниот :

**И З В Е Ш Т А Ј**
**ЗА РАБОТАТА НА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА - ОХРИД (ТППЕ) ЗА 2012 ГОДИНА, ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.2012 ДО 31.12.2012 ГОДИНА**

Заради гаснење на пожари, спасување на животот на граѓаните и имотот загрозени од пожари и експлозии, укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации, како и извршување на други работи при несреќи и непогоди воедно и извршување на задолженија, наредби и услуги, ТППЕ Охрид во 2012 година изврши и превзеде за решавање 355 интервенции и тоа:

## I. ГАСНЕЊЕ НА ПОЖАРИ

ТППЕ Охрид во текот на 2012 година изврши вкупно 301 интервенции за гаснење на пожари и тоа:

- пожари на објекти - 133 интервенција;
- пожари на отворен простор - 152 интервенции и
- пожари на сообраќајни средства - 16 интервенции.

Пожарите се појавени и интервенциите за гаснење на пожарите се извршени на подрачјето на Општина Охрид (89,4%), Општина Дебарца (9,6%) и Општина Ресен (1%).

### 1. Пожари и интервенции за гаснење во Општина Охрид

На подрачјето на Општина Охрид (градот со населените места) појавени се и интервенирано е за гаснење на вкупно 269 пожари прикажани во следната табела.

| Населено место | пожари на објекти | пожари на отворен простор | пожари на сообраќајни средства |
|---|---|---|---|
| Охрид | 113 | 86 | 11 |
| с. Велгошти | 2 | 1 | - |
| с. Лескоец | - | 1 | - |
| с. Косел | 3 | 1 | - |
| с. Вапила | - | 2 | - |
| Авток.Андон Дуков | 1 | 11 | 1 |
| с. Д. и Г. Лакочереј | 1 | 5 | 1 |
| с. Подмоље | 1 | 5 | - |
| с. Велестово | - | 1 | 1 |
| с. Скребатно | 3 | - | - |
| с. Трпејца | 1 | - | - |
| с. Љубаништа | - | 1 | - |
| с. Орман | 2 | 1 | - |
| с. Расино | - | 3 | - |
| с. Ливоишта | - | 2 | - |
| с. Пештани | 1 | 2 | - |
| с. Речица | - | 1 | - |
| с. Куратица | - | 1 | - |
| нас. Коњско | 1 | 1 | - |
| депонија Буково | - | 1 | - |
| **ВКУПНО:** | **129** | **126** | **14** |

## 2. Пожари и интервенции за гаснење во Општина Дебарца

На подрачјето на Општина Дебарца (сите населени места) појавени се и интервенирано е за гаснење на вкупно 29 пожари прикажани во следната табела.

| Населено место | пожари на објекти | пожари на отворен простор | пожари на сообраќајни средства |
|---|---|---|---|
| с. Велмеј | - | 2 | - |
| с. Волино | - | 2 | - |
| с. Горенци | - | 2 | - |
| с. Мешеишта | 2 | 6 | - |
| с. Оровник | - | 5 | - |
| с. Климештани | - | 2 | - |
| с. Слатино | - | 1 | - |
| с. Ново Село | 1 | - | - |
| с. Сливово | - | 1 | 1 |
| с. Песочан | - | 1 | - |
| с. Мраморец | - | 1 | - |
| с. Ботун | - | 1 | - |
| Пл. Превој Пресека | - | - | 1 |
| ВКУПНО: | 3 | 24 | 2 |

## 3. Пожари и интервенции за гаснење во Општина Ресен

На подрачјето на Општина Ресен (со населените места) ТППЕ Охрид изврши асистенција при гаснење пожари на ТППЕ Ресен на вкупно 3 пожари прикажани во следната табела.

| Населено место | пожари на објекти | пожари на отворен простор | пожари на сообраќајни средства |
|---|---|---|---|
| Ресен | 1 | - | - |
| с. Долно Дупени | - | 1 | - |
| с. Љубојно | - | 1 | - |
| ВКУПНО: | 1 | 2 | - |

На сите интервенции за гаснење на пожарите во 2012 година настаната е материјална штета на 25 пожари од сите видови во вкупна вредност од 3.280.000,оо денари (не земајќи ја штетата настаната во Општина Ресен), и тоа:

- Материјалната штета во Општина Охрид на 21 пожари изнесува 2.480.000,оо денари и тоа:
    - а) на објекти 2.380.000,оо денари
    - б) на сообраќајни средства 100.000,оо денари
- Материјалната штета во општина Дебарца на 4 пожари изнесува 800.000,оо денари.
    - а) на објекти 100.000,оо денари
    - б) на сообраќајни средства 700.000,оо денари

На вкупниот број на пожари и интервенции на ТППЕ Охрид во 2012 година сопственоста на објектите и просторот е:

- во приватна сопственост - 168 и ( материјална штета 1.880.000,оо денари)
- во државна сопственост - 128. ( материјална штета 600.000,оо денари)
- во државно-приватна сопств. - 5 пожари без материјална штета

Од сите опожарени објекти и простори во 2012 година на кои интервенираше ТППЕ Охрид осигуран по основ штета од настанат пожар е само 1 објект во државна сопственост.

За сите опожарени објекти и простори во 2012 година констатиран е следниот начин на предизвикување:

- намерно палење - 111 пожари
- невнимание - 179 пожари
- природно - 1 пожар
- неутврдено - 10 пожари

За сите опожарени објекти и простори во 2012 година констатирани се следните причини за појава на пожарите:

- употреба на отворен пламен - 155 пожари
- употреба на ложиште-огниште - 98 пожари
- електрични уреди и апарати - 9 пожари
- проводници загреани со оптеретување - 18 пожари
- самозапалување - 4 пожар
- останати причини - 4 пожари
- догорче од цигара - 1 пожар
- неутврдено - 12 пожари

Од пожарите на објекти во текот на 2012 година, ТППЕ Охрид интервенираше на следните видови објекти:

- станбена зграда - 99 пожари
- станбено-работна зграда - 1 пожар
- земјоделски објекти - 4 пожари
- шупа - 2 пожари
- барака - 5 пожари
- занаетчиски дуќан - 1 пожар
- гаража - 2 пожари
- трговски дуќан - 2 пожари
- угостителски објект - 3 пожари
- хотел-мотел-камп - 3 пожари
- производствен погон - 1 пожар
- трансформаторски станици - 2 пожари
- магацини за готови стоки - 1 пожар
- училиште - 3 пожари

- детски дом - 1 пожар
- разводни постројки - 1 пожар
- останати градежни објекти - 2 пожари

**Од вкупниот број пожари на објекти на подрачјето на Општина Охрид (вкупно 129 пожари) само во градот Охрид ТППЕ Охрид имаше 113 интервенции за гаснење пожари на објекти, од кои 87 интервенции на индивидуални и колективни станбени згради во делот на ложиштата и оџаците.**

Од пожарите на отворен простор во текот на 2012 година, ТППЕ Охрид интервенираше на следните површини и количини отворен простор:

- пожари во шуми - 23 пожари - 33,52 хектари
- пожари на земјоделски површини - 16 пожари - 3,99 хектари
- депонии и друго на отворен простор - 113 пожари - 26,53 хектари

вкупно: 64,05 хектари

Од пожарите на сообраќајни средства во текот на 2012 година, ТППЕ Охрид интервенираше на следните видови возила:

- патнички моторни возила - 12 интервенции ( материјална штета 200.000,оо )
- товарни моторни возила - 3 интервенции ( без материјална штета )
- автобус - 1 интервенција ( материјална штета 600.000,оо )

Пожарите во текот на 2012 година појавени се во следните временски интервали:

- од 06 часот до 14 часот - 97 пожари
- од 14 часот до 20 часот - 120 пожари
- од 20 часот до 06 часот - 84 пожари

ТППЕ Охрид, дежурната интервентна група, од моментот на пријавата на пожарот до местото - локацијата на појавениот пожар има пристигнато за следното времетраење:

- за време до 5 минути - 195 пожари
- за време од 6 до 10 минути - 57 пожари
- за време од 11 до 15 минути - 11 пожари
- за време над 15 минути во град - 1 пожар
- за време над 15 минути вон град - 37 пожари

Ширењето на пожарите во објектот и на други објекти и простори спречено, односно локализирано е за следното време:

- за време до 5 минути - 106 пожари
- за време од 6 до 15 минути - 102 пожари
- за време од 16 до 30 минути - 55 пожари
- за време над 30 минути на градежни објекти - 15 пожари
- за време над 30 минути на отворен простор - 23 пожари

Од моментот на пристигнување на лице место, пожарите се изгаснати, односно ликвидирани за следното времетраење:

- за време до 1 час - 254 пожари

- за време од 1 до 2 часа - 31 пожари
- за време над 2 часа на градежни објекти - 5 пожари
- за време над 2 часа на отворен простор - 11 пожари

Пожарите во текот на 2012 година гаснати се со следниот број противпожарни возила:
- со 1 противпожарно возило - 271 пожари
- со 2 противпожарни возила - 20 пожари
- со 3 противпожарни возила - 7 пожари
- со 4 противпожарни возила - 3 пожари

За гаснење - локализирање и ликвидирање на пожарите во текот на 2012 година интервенирано е со следниот број пожарникари:
- со група до 3 пожарникари - 265 пожари
- со група од 4 до 7 пожарникари - 29 пожари
- со група од 8 до 12 пожарникари - 5 пожари
- со група над 12 пожарникари - 2 пожари

Во гаснењето на пожарите како помош во тактичкиот настап учествувале и: 5 граѓани, 16 работници од ЈП за стопанисување со шуми и 20 работници од други претпријатија или вкупно 41 учесници.

Споредено со 2011 година ТППЕ Охрид во 2012 година имаше 55 пожари и интервенции за гаснење повеќе (246 во 2011 г., а 301 во 2012 г.)

## II. ТЕХНИЧКИ ИНТЕРВЕНЦИИ

Во текот на 2012 година ТППЕ Охрид во ситуации од потреба на спасување на животот на граѓани и укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации изврши 33 технички интервенции и тоа:
- интервенции во услови на сообраќајни незгоди - 8 интервенции
- интервенции за црпење вода од поплавени објекти - 2 интервенции
- интервенции за спасување од височини - 1 интервенција
- интервенции за отворање на заклучени објекти - 16 интервенции
- акциденти со опасни материи - 2 интервенции
- други интервенции - 4 интервенции

Техничките интервенции се извршени со 33 ПП возила и 109 пожарникари, од кои:
- успешно завршени за време до 1 час - 28 интервенции,
- за време од 1 до 2 часа - 3 интервенции
- со времетраење над 2 часа - 1 интервенција

Сите технички интервенции се реализирани за вкупно време од 31 час, при што се остварени вкупно 110 работни часа.

**III. ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА ТППЕ ОХРИД**

Во придонес за поголема безбедност на подрачјето во Општина Охрид и Општина Дебарца во одредени случаи на потреба, задолженија, барања и наредби, ТППЕ Охрид во текот на 2012 година изврши 21 други активности и услуги и тоа:

- обезбедување на спортски натпревари - 2 интервенции
- обезбедување објекти и други простори - 2 интервенции
- носење техничка вода и вода за пиење - 3 интервенции
- други акт. и услуги - чистење на простори со млазеви вода - 14 интервенции

Сите претходно наведени активности ТППЕ Охрид ги изврши со 21 ПП возила и 61 пожарникар, за време од 46 часа при што се остварени вкупно 130 работни часови.

Во текот на 2012 година преку јавните електронски медими од Охрид, во повеќе наврати пред летна и зимска сезона извршено е презентирање на противпожарната заштита и култура во смисла за подобро запознавање на граѓаните на Општина Охрид, Дебарца и пошироко, со причините за појава на пожарите од сите видови посебно на објекти и отворен простор и постапка при појава на пожар за спречување на пожарот во било кое време и место.

Согласно Годишниот план за стручно оспособување и усовршување на работниците во ТППЕ Охрид, а врз основа на распоредот за работа и работни време реализирани се сите планирани теоретско-практични активности.

Согласно Правилникот за правилата за вршење на службата, како и минималните критериуми за сместување, техничката опрема и средства за гаснење на пожарите со кои треба да располагаат противпожарните единици, во ТППЕ Охрид во текот на 2012 година се превземани планирани редовни и непланирани вонредни активности за одржување во исправна состојба на техниката и опремата заради навремено стручно и безбедно интервенирање и извршување на работните обврски во секој момент на потреба.

